„Секогаш кога некој ќе испрати селам за мене, Аллах ќе ми ја врати душата за да му возвратам на селамот.“

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: „Секогаш кога некој ќе испрати селам за мене, Аллах ќе ми ја врати душата за да му возвратам на селамот.“

[إسناده حسن] [رواه أبو داود وأحمد]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, нè известува дека душата ќе му биде вратена за да му возврати селам на секој што ќе го поздрави, без разлика дали е блиску или далеку. Животот во Берзах и гробовите е гајб – непознатото, и само Аллах ја знае неговата реалност и Тој може сè.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/6222